////# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Петок 3 Јануари 2014 год.** | **Уредува:** |
| | **П Е Х Ч Е В О** | **Стручна служба при** |
| **Излегува по потреба** | **Бр. 05 год. 2014** | **Општина Пехчево** |
| **Гласникот е бесплатен** | | **тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" Бр. 5/2002 год.) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл.Гласник на општина Пехчево" Бр.04/09) Градоначалникот на општина Пехчево го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

I. Се објавуват актите донесени од Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12.2013 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за извршување на буџетот на општина Пехчево за 2014 година;
2. Одлука за усвојување на буџетот на општина Пехчево за 2014 година;
3. Одлука за усвојување на кварталниот извештај на општина Пехчево- трет квартал;
4. Одлука за висината за на благајничкиот максимун за 2014;
5. Одлука за именување на членови на Управен одбор на ЈКП Комуналец-Пехчево;
6. Одлука за покачување на комуналната услуга-снабдување со вода за пиење;
7. Одлука за усвојување на програма за работа на ЈКП- Комуналец Пехчево за 2014 година;
8. Одлука за именување на членови на управен одбор на ОЈУДГ ,,7 Септември,, Пехчево;
9. Одлука за продавање на возило во сопственост на општина Пехчево марка БМВ 323 ci година на производство 2000 со регистарски таблици St 855-ti;
10. Одлука за продавање на парно-котел на дрва во сопственост на општина Пехчево;
11. Одлука за усвојување на програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности заштита на животната средина и локален економски развој при општина Пехчево;

12. Одлука за определување на цената на такси стојалиштата, автобуски станици и стојалиштата во јавниот општински превоз на тереторијата на општина Пехчево;

13. Одлука за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и определување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2014 година;

14. Одлука за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2014 година;

15. Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на имот за 2014 година;

16. Одлука за утврдување на стапката на данок на промет на недвижности за 2014 година;

17. Одлука за формирање на Комисија за објекти кога постои опасност од уривање;

18. Одлука за усвојување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи и канализации во општина Пехчево за 2014 година;

19. Одлука за плаќање на фирмарина, односно назив на деловна просторија за 2014 година;

20. Одлука за усвојување на програмата за јавно осветлување на општина Пехчево за 2014 година;

21. Одлука за условите што мора да ги исполнуваат објектите за нештетно остранување на животински мрши за 2014 година;

22. Одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирање на територијата на општина Пехчево за 2014 година;

23. Одлука за утврдување на висината на стапката на данок на наследство и подарок за 2014 година;

24. Одлука за усвојување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево за 2014 година;

25. Одлука за посебни сообраќајно технички мерки за забавување на сообраќајот за 2014 година;

26. Одлука за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси специјални возила и моторцикли;

27. Одлука за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот (Земјоделско земјиште);

28. Одлука за усвојување на Програмата за изградба реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Пехчево за 2014 година;

29. Одлука за купување отуѓување и оптоварување на недвижен имот сопственост на општина Пехчево за 2014 година;

30. Одлука за усвојување на Програмско-финансиски извештај за работа на ОУМБ ,,Кочо Рацин,,-Пехчево;

31. Одлука за формирање на комисја за унапредување на правата на пациентите;

32. Одлука за именување на членови на комисија за унапредување на правата на пациентите.

***Број 08 - 2163/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на Општина Пехчево***

***Игор Поповски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево (“Сл. Гласник на Општина Пехчево“ бр.04/09), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.За објавување на одлуката за извршување на буџетот на општина Пехчево за 2014 година

2.Се ОБЈАВУВА одлуката за извршување на буџетот на општина Пехчево за 2014 година што Советот на општината ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08 -2163/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/2004, 96/2004 и 67/2007) и член 30 став 4 од Статутот на Општина Пехчево ("Службен гласник на Општина Пехчево бр.04/2009), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 26.12.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина ПЕХЧЕВО за 2014 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Пехчево за 2014 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот се состои од : Основен буџет, буџет на самофинансирачки активности, буџет на донации, буџет на дотации и буџет на кредити.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на извршувањето на Буџетот, Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот, му предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплата на платите на вработените во Општината и вработените во основното образование, детската градинка, домот на културата и јавната локална библиотека, ќе се извршуваат во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Општината, односно висината на платите се утврдува согласно Законот за исплата на платите во Република Македонија (Сл. весник на РМ број 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08 и 92/09) и Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Р.Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (Сл. весник на РМ број 38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10 и 97/10) и тоа за именувани лица појдовна основа за пресметување на платата е 25.726 денари, започнувајќи од плата за месец јануари 2014 година додавајќи го постојниот коефициент и минатиот труд на именуваниот функционер, а на вработените платата ќе се пресметува врз основа на утврдените бодови за образование и звање. Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2014 година изнесува 73,8 денари и ќе се применува со исплатата на платата за месец јануари 2014 год.(Сл. Весник на РМ бр.14/2012). За вработените без статус на државни службеници , пресметувањето и исплатувањето на платите ќе се врши согласно важечките законски прописи за нив. За вработените во локалните јавни установи, пресметката и исплатата на плати ке се врши според Упатството за примена на пресметка и исплата на плата на вработени во институции - буџетски корисници.

**Член 10**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување и други случаи на вработениот во Општината и локалните јавни установи, му се исплатува помош во висина од една последна исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи се исплаќа врз основа на член 9 став 1 алинеа 2 и став 2 од Законот за исплата на платите.

Сите исплати на погоре наведените надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено Решение од страна на Градоначалникот на Општината.

**Член 11**

Во случај на смрт на вработен во опШтината или локалната јавна установа, на неговото семејство му припаЃа парична помоШ во износ од 30.000,00 денари.

На вработениот, во случај на смрт на член од неговото потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување), доколку живеел

во заедница, му припаЃа парична помоШ во висина од 15.000,00 денари по семејство. Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса, Што се докажува со соодветен документ за идентификација (лична карта или пасоШ).

Наведените надоместоци се исплатуваат по претходно доставено барање.

**Член 12**

Месечниот надоместок на членовите на Советот се утврдува во висина од 40% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена во претходната година, а надоместокот за дневните и патни трошоци ќе им се исплатуваат според прописите кои се однесуваат на државните службеници.

Месечниот надоместок за Претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на Советот, што ќе го прима, ќе биде зголемен за 30% од месечниот надоместок што ќе го примаат другите членови на Советот на Општината.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на најмалку една седница на Советот во текот на месецот.

Ако член на Советот не присуствувал на ниедна седница на Совет во тековниот месец, во тој случај не му се исплатува надоместок за присуство на седница.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 14**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 500,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Доколку на вработениот му се обезбедени ноќевање, превоз и храна му следуваат 20% од утврдениот износ во став 1 од овој член.

**Член 15**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот, а за користење на средствата до 50.000,00 ден. одлучува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 16**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 17**

Исплатата на плати во локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Општината е должна до крајот на месецот за кој се врши исплата на плати, до надлежното министерство и Министерството за финансии да достави барање за одобрување на средствата за плати, кон кое ќе ги приложи и обрасците ПДД-МП и МП-а, копија од рекапитулацијата на плати, Образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме и плати како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кој се однесува исплатата, но и ПРИЛОГ број 6 како и МПИН издаден од УЈП.

**Член 18**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов ако за тоа се обезбедени средства од Буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

**Член 19**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќеуплатениот износ се враќа првостепено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно/повеќеуплатените приходи се врши со Решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 20**

Буџетот на Општината Пехчево се извршува од 01.01.2014 до 31.12.2014 година.

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Пехчево", а ќе се применува од 01 Јануари 2014 година.

***Број 07 -2119/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.04/09), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.за објавување одлуката за усвојување на буџетот на општина Пехчево за 2014 година;

2. Се ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на буџетот на општина Пехчево за 2014 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08 - 2163/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на Општина Пехчево***

***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен vесник на РМ " бр.5/2002) и член 30 став 4 од Статутот на општина Пехчево („Службен гласник на општина Пехчево" бр.4/2009), советот на општина Пехчево на својата 5-та седница ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Буџетот на општина Пехчево за 2014 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува буџетот на општина Пехчево за 2014 година доставен од страна на градоначалникот.

**Член 2**

Буџетот на општина Пехчево за 2014 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Сл.Гласник на општина Пехчево.

***Број 07- 2118/1*** — ***Совет на Општина Пехчево***
***26.12.2013 год.*** — ***Претседател,***
***Пехчево*** — ***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.4/2003), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.за објавување на одлуката за усвојување на кварталниот извештај на општина Пехчево- трет квартал;

2.Се ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на кварталниот извештај на општина Пехчево- трет квартал што Советот на општината ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013година.

***Број 08 - 2163/1*** — ***Градоначалник на Општина Пехчево***
***36.12.2013 год.***
***Пехчево*** — ***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на Р.М бр.5/02”) и член 30 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево бр. 04/09”), Советот на општина Пехчево на својата 5-та редовна седница одржана на ден 26.12.2013 додина ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на општина Пехчево за трет квартал Јануари-Септември за 2013 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува кварталниот извештај за извршувањето на буџетот на општина Пехчево за период Јануари-Септември 2013 година.

Член 2

Кварталниот извештај за извршување на буџетот за период Јануари-Септември 2013 година, е составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

***Број 07 - 2121/1*** — ***Совет на Општина Пехчево***
***26.12.2013 год.*** — ***Претседател,***
***Пехчево*** — ***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.04/09), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.За објавување на Одлуката за висината за на благајничкиот максимун за 2014.

2. Се ОБЈАВУВА одлуката за висината на благајничкиот максимун за 2014 што Советот на општина Пехчево ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08-2163/1*** ***Градоначалник на Општина Пехчево***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево*** ***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа ба член 20 од Законот за платен промет(,, Службен весник на РМ,, 113/07...11/12, член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М бр.05/02”) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (,, Сл.гласник на општина Пехчево бр. 04/09,,), Советот на општина Пехчево својата 5-та редовна седница одржана на 26.12.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за висината на благајничкиот максимум за 2014 година**

**член 1**

Благајничкиот максимум за 2014 година се утврдува во износ од 50.000,00 иљади денари.

**член 2**

Остварениот прилив на парични средства во благајната од дневен парар и по други основи ќе се уплатува на трезорска сметка истиот ден или најдоцна наредниот работен ден.

**член 3**

Оваа одлука ќе стапи во сила со објавувањето во службен гласник на општина Пехчево.

***Број 07 - 2122/1*** ***Совет на Општина Пехчево***
***26.12.2013 год.*** ***Претседател,***
***Пехчево*** ***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.04/09), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.За објавување одлуката за именување на членови на Управен одбор на ЈКП Комуналец-Пехчево

2.Се ОБЈАВУВА одлуката именување на членови на Управен одбор на ЈКП Комуналец-Пехчево што Советот на општината ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08-2163/1*** ***Градоначалник на Општина Пехчево***
***26.12.2013 год.***

***Пехчево*** ***Игор Поповски с.р.***

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на Р.М бр 38/96), член 36 став1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.05/02) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево, советот на општина Пехчево на својата 5-та редовна седница одржана на 26.12.2013 година ја донесе следната:

***ОДЛУКА***
***за именување на членови на Управен одбор ЈКП Комуналец-Пехчево***

Член 1
Советот на општина пехчево донесе одлука за именување на членови на Управен одбор во ЈКП-Комуналец –Пехчево.
Член 2
Советот на општина Пехчево за членови на Управен одбор ги именува:

1. Бранко Марковски
2. Иван Аџиски
3. Благојчо Јовевски
4. Александра Величкова
5. Бранко Пешански

Член 3
Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Сл.Гласник на општина Пехчево.

***Број 07 - 2123/1*** ***Совет на Општина Пехчево***
***26.12.2013 год.*** ***Претседател,***
***Пехчево*** ***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.04/09), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.за објавување на одлуката за покачување на комуналната услуга-снабдување со вода за пиење

2.Се ОБЈАВУВА одлуката за покачување на комуналната услуга-снабдување со вода за пиење што Советот на општината ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08-2163/1*** ***Градоначалник на Општина Пехчево***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево*** ***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 1 од Измените на Законот за јавните претпријатија (Сл. Весник на РМ бр. 119/13) член 36 став 1 точка Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.05/02), член 22 од Законот за комунални дејности (Сл.Весник на РМ бр 95/2012), член 6 став 7 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ( Сл.Весник на РМ бр 68/2004) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.04/09), советот на општина Пехчево на својата 5-та редовна седница одржана на 26.12.2013 година ја донесе следната:

***ОДЛУКА***
***за покачување на цената за кумунална услуга-снабдување со вода за пиење***

Член 1

Се зголемува цената на комуналната услуга-снабдување на вода за пиење за 50% за корисниците во Пехчево, с.Робово, с.Умлена, с.Чифлик и с.Негрево.

1. Корисниците на оваа услуга во Пехчево, с.Робово и с.Умлена ќе плаќаат надоместок по следната цена:
   - вода за потрошен м3 за
     физички лица (домаќинства)..........................................................26,40 денари

2. Корисници на оваа услуга во с.Чифлик и с.Негрево ќе плаќаат надоместок по следната цена:
   - вода за потрошен м3 за
     физички лица (домаќинства)............................................................21,60 денари

3. Правните лица и корисниците кои користат вода за бавчи (градини,ливади) и плевни ќе плаќаат надоместок по следната цена:
   - вода за потрошен м3 вода за правни лица
     и бавчи (градини и ливади)...............................................................52,80 денари

Член 2

Покачувањето на водата е согласно со порастот на трошоците.

Член 3

Одлуката е составен дел на Правилникот за висината на цените и начинот на плаќање на комуналните услуги во ЈКП ,,Комуналец,,-Пехчево бр.0701-132/1 од 23.05.2008 година.

Член 4

Оваа одлука влегува на сила со објавувањето во Сл.Гласник на општина Пехчево.

***Број 07-2124 /1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.04/09), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.За објавување одлуката за усвојување на програма за работа на ЈКП- Комуналец Пехчево за 2014 година

2.Се ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на програма за работа на ЈКП- Комуналец Пехчево за 2014 година,што Советот на општината ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08-2163/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.05/02) и член 30 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.04/09), советот на општина Пехчево на својата 5-та редовна седница одржана на 26.12.2013 година ја донесе следната:

***ОДЛУКА***
***за усвојување на Програмата за работа на ЈКП Комуналец-Пехчево***

Член 1

Советот на општина пехчево донесе одлука за усвојување на Програмата за работа на ЈКП-Комуналец Пехчево

Член 2

Програмата за работа на ЈКП-Комуналец Пехчево е составен дел од оваа одлука.

Член 3
Оваа одлука влегува во сила со денот на објавуање во Сл.Гласник на општина Пехчево.

***Број 07 - 2125/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.4/2003), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.За објавување на Одлуката за именување на членови на управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ Пехчево

2.Се ОБЈАВУВА одлуката за именување на членови на управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ Пехчево што Советот на општината ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.012.2013 година.

***Број 08-2163/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 114 од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на Р.М бр 23/13), член 36 став1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М бр.05/02) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево, советот на општина Пехчево на својата 5-та редовна седница одржана на 26.12.2013 година ја донесе следната:

***ОДЛУКА***
***за именување на членови на Управен одбор во ОЈУДГ „7 Септември„-Пехчево***

Член 1

Советот на општина пехчево донесе одлука за именување на членови на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„-Пехчево.

Член 2
Советот на општина Пехчево за членови на Управен одбор ги именува:
1. Тренчевска Александра
2. Трајче Апостолов
3. Биљана Каракашовска

Член 3
Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години, со право на реизбор.

Член 4
Оваа одлука влегува во сила со денот на објавуање во Сл.Гласник на општина Пехчево.

***Број 07 - 2126/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.4/2003), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.За објавување на одлуката за продавање на возило во сопственост на општина Пехчево марка БМВ 323 ci година на производство 2000 год. со регистарски таблици St 855-ti;

2.Се ОБЈАВУВА одлуката за продавање на возило во сопственост на општина Пехчево марка БМВ 323 ci година на производство 2000 год. со регистарски таблици St 855-ti;што Советот на општина Пехчево ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08-2163/1*** ***Градоначалник на Општина Пехчево***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево*** ***Игор Поповски с.р.***
.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М бр.05/02) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.04/09), советот на општина Пехчево на својата 5-та редовна седница одржана на 26.12.2013 година ја донесе следната:

***ОДЛУКА***
***за продавање на возило во сопственост на општина Пехчево,марка БМВ 323 ci година на производство 2000 со регистарски таблици St 855-ti***

Член 1

Советот на општина Пехчево донесе одлука за продавање на службено возило во сопственост на општина Пехчево марка БМВ

Член 2

Се задолжува градоначлникот на општина Пехчево во спроведувањето на оваа одлука да ги запази позитивните законоски прописи.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на обајвување во Сл.Гласник на општина Пехчево.

***Број 07 - 2127/1*** ***Совет на Општина Пехчево***
***26.12.2013год.*** ***Претседател,***
***Пехчево*** ***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.04/09), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.За објавување на одлуката за продавање на парно-котел на дрва во сопственост на општина Пехчево;

2. Се ОБЈАВУВА одлуката за продавање на парно-котел на дрва во сопственост на општина Пехчево, што Советот на општината ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08-2163/1*** ***Градоначалник на Општина Пехчево***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево*** ***Игор Поповски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М бр.05/02) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.04/09), советот на општина Пехчево на својата 5-та редовна седница одржана на 26.12.2013 година ја донесе следната:

***ОДЛУКА***

***За продавање на парно-котел па дрва во сопственост на општина Пехчево***

Член 1

Советот на општина Пехчево донесе одлука за продавање на парно-котел на дрва во сопственост на општина Пехчево.

Член 2

Се задолжува градоначлникот на општина Пехчево при спроведувањето на оваа одлука да ги запази позитивните законоски прописи.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Сл.Гласник на општина Пехчево.

***Број 07 - 2128/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.4/2003), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.За објавување на Одлуката за усвојување на програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности заштита на животната средина и локален економски развој при општина Пехчево.

2.Се ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на програма за работа на одделението за урбанизам, комунални дејности заштита на животната средина и локален економски развој при општина Пехчево што Советот на општината ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08-2163/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" Бр.512002) и член 30 од Статут на општина Пехчево ("Сл.Гласник на општина Пехчево" Бр.04/09), Советот на општина Пехчево на редовната седница одржана на ден 26.12.2013 година донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Програмата за работа на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при општина Пехчево за.**

**2014год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа 'на Одделението за урбанизам, комунални

работи и заштита на животната средина при општина Пехчево за 2014 год.

**Член 2**

Програмата за работа на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при општина Пехчево за 2014 год е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува на сила 8 дена од донесувањето а ќе се објави во "Сл.Гласник на општина Пехчево"

***Број 07-2129/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.4/2003), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.За објавување на одлуката за определување на цената на такси стојалиштата, автобуски станици и стојалиштата војавниот општински превоз на тереторијата на општина Пехчево

2.Се ОБЈАВУВА одлуката за определување на цената на такси стојалиштата, автобуски станици и стојалиштата во јавниот општински превоз на тереторијата на општина Пехчево што Советот на општината ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08-2163/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 54 став 1 алинеја 4 од Законот за превоз на патниот сообраќај (Сл. весник на РМ бр. 68/2004) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12 2013 год. , донесе:

**О Д Л У К А**

***За определување на цената на такси стојалишта, автобуски станици и стојалишта во јавниот општински превоз на територијата на општина Пехчево***

**Член 1**

Со оваа одлука се определува цената за обележување и одржување на такси станиците и стојалиштата и обележување и одржување на автобуски станици и стојалишта на подрачјето на општина Пехччево.

**Член 2**

Висината на цената од член 1 на оваа одлука, по возило, а со важност од 1 (една ) година изнесува како што е утврдено во табела број 1:

| Вид на возило | Вид на општински превоз на патници | Цена во денари |
|---|---|---|
| Патничко возило-автомобил | Авто-такси превоз на патници | 6.000,00 |
| Комби возило 8+1 | Посебен и линиски превоз на патници на територија на општината | 12.000,00 |
| Минибус до 19 седишта | Посебен и линиски превоз на патници на територијата на општината | 18.000,00 |
| Автобуси | Посебен и линиски превоз на патници на територијата на општината | 24.000,00 |

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се уплаќаат на сметка на Буџет на општина . Начинот на плаќање со регулира со договор кој се потпишува по добивање на лиценца за вршење на јавен превоз. При спроведување на оваа одлука се применуваат одредбите од Законот за превоз на патниот сообраќај.

**Член 4**

Надзор над спроведување на оваа одлука врши оделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и ЛЕР при општина Пехчево

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување а ќе се објави во службен

***Број 07 -2130/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.4/2003), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.За објавување на одлуката за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и определување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2014 година

2. Се ОБЈАВУВА одлуката за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и определување на минимална површина за фрижидери пред деловните објекти за 2014 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08-2163/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на Општина Пехчево***

***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1,алинеја 6 од Законот за Локална самоуправа („Сл весник на РМ„ бр. 05/2002) и член 30 од Статутот на општина Пехчево („Сл. гласник на опптина Пехчево „ бр. 04/2009), Врз основа на член 3 став 1 точка 3, член 10 точка 3 и член 11 од Законот за комунални такси (Сл. весник на РМ бр. 61/04),Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност и одредување на минимална површина за фрижидери**
**пред деловните објекти за 2014год.**

**Член 1**

За користење на просторот пред деловните простории-јавни површини(угостителски објекти, кафичи, ресторани, сендвичари и слични објекти) за вршење на дејност се одредува тарифа за комунална такса по м2 (метар квадратен) за завземена површина во висина од 5,00 денари дневно.

**Член 2**

За поставување на фрижидери за сладолед, тезги,подвижни објекти (колички) објекти за продажба на разни видови слатки и бели пецива, и друго надвор од деловните објекти, плоштади се наплаќа по м2 (метар квадратен) за завземена површина во висина од 30,00 денари дневно.

**Член 3**

Просторот пред деловната просторија што се користи за вршење на дејноста се определува со сезонско посебно решение.

**Член 4**

Наплатата на такса се врши од корисникот на сметка на Буџетот на општина Пехчево на соодветната сметка во рамки на трезорска сметка**.**

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во службен гласник на општина Пехчево .

***Број 07-2131/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.4/2003), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.За објавување на одлуката за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2014 година.

2.Се ОБЈАВУВА одлуката за отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот за 2014 година што Советот на општина Пехчево ја донесе на својата 5-та седница одржана на ден 26.12.2013 година.

***Број 08-2163/1***
***26.12.2013 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1,алинеја 6 од Законот за Локална самоуправа („Сл весник на РМ,, бр. 05/2002) и член 30 од Статутот на општина Пехчево („Сл. гласник на оптина Пехчево ,, бр. 04/2009), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 26.12.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За отпис на комунална такса за истакната фирма и данок на имот**
**За 2014год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево по предлог на Оделението за оппшти работи, финансии – ЛЕР , односно делот за администрирање и наплата на локални даноци и комунални такси, донесе Одлука за отпис на побарувања од правните лица по две години а за физички лица по пет години .

**Член 2**

Одлуката се донесува поради задолженијата кои се водат во софтверот за локални даноци и такси на веќе ликвидирани и непостоеќки фирми, како и починати физичкилица-обврзници за данок на имот и според Законот за данок и поради тие причини не можат да се наплатат.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во службен гласник на општина Пехчево .

*Број 07-2132/1* *Совет на Општина Пехчево*
*26.12.2013 год.* *Претседател,*
*Пехчево* *Стојче Стефановски с.р.*

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002) и член 37 став 1 од Статутот на општина Пехчево ("Сл. Гласник на Општина Пехчево" бр.4/2003), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

